РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност
Këshilli kombëtar për arsim të lartë dhe veprimtari shkencore
Бр./Nr. 1410 - 13
18.03 2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

***ИЗВЕШТАЈ***

***ЗА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ 2024–ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА***

Скопје

Јануари, 2025 година

СОДРЖИНА:

I. ВОВЕД

II. АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

II.I Реализирани активности на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност јули 2024 - декември 2024

II.I.I Работни тела и комисии формирани од страна на Националниот совет

II.II Планирани активности на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност јануари 2025- јуни 2025

Прилог 1 Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност

## ВОВЕД

Основањето на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност (во натамошниот текст: Националниот совет) е пропишано со Законот за високото образование, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 82/2018), поточно во глава петта, оддел 2, чл.41-44.

Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2021 година, донесе Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност (Прилог 1). Националниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Македонија и тоа: - шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, кои се избираат на предлог на Интеруниверзитетската конференција со тајно гласање, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво, според Меѓународната фраскатиева класификација (природно- математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки), - шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Македонија, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко- технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки), - еден член на предлог на Македонската академија на науките и уметностите од редот на членовите на Македонската академија на науките и уметностите, - еден член од деловната заедница и - еден член од редот на студентите, на предлог на Интеруниверзитетската конференција.

Согласно член 41 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија", бр. 82 од 08.05.2018 година), Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност се формира заради обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија.

Националниот совет е самостоен стручен орган со седиште во Скопје. Националниот совет има: печат, посебна жиро сметка, а средствата за работа се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија.

Надоместокот за работа и за трошоци на членовите на Националниот совет и за работните тела/комисии, го утврдува Собранието на Република Македонија, врз

основа на присуство на седници и/или обем и сложеност на извршени работи.Службен весник на РМ, бр.82 од 8.5.2018 година.

Согласно член 44 став (9) од Законот за високото образование „Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Националниот совет еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Собранието на Република Северна Македонија.

Визија на Националниот совет: Унапредено и квалитетно високо образование и интензивна научно-истражувачка дејност за кои се обезбедени задоволителни финансиски средства од буџетот на Република Северна Македонија и континуирана меѓународна соработка како алатка за идентификување и прифаќање на добрите практики со цел приближување на македонскиот до европскиот систем за високо образование.

Мисија на Националниот совет: Посветено, професионално и навремено остварување на законски пропишаните надлежности, преку интензивна комуникација со релевантни чинители во државата, со партиципативност и придонес на наставниот кадар и на студентите, со вклучување на надворешни експерти од државата и странство, со цел заокружување на стратешката и нормативната рамка која ќе овозможи остварување на визијата во наредниот четиригодишен период.

АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност беше конституиран на седницата која се одржа на 10.06.2021 година, во Владата на Република Северна Македонија. Согласно Законот за високото образование и сите позитивни законски акти во Република Северна Македонија, Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност беше регистриран во Централен регистар на Република Северна Македонија.

Националниот совет работи и одлучува на седници. Во периодот од јуни до крајот на декември 2023 година, Националниот совет има одржано единаесет седници, во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и онлајн. На седниците, Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност со особено внимание беа разгледувани,

коментирани и донесени низа одлуки кои се се важни за зајакнување на квалитетот на високото образование и на научно-истражувачката дејност.

II.I Реализирани активности за периодот јули 2023 - декември 2023:

- На 51. седница на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност, одржана на 11 јули 2024 година, беа разгледани и усвоени Извештајот за работата на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јули 2023 - јуни 2024 година, со насоки за подобрување на високообразовната и научно-истражувачката дејност и Програмата за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност за периодот јули 2024-јуни 2025 година. Согласно член 43 став 2 точките 1 и 19 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24), Националниот советго следи развојот на високото образование и на научно-истражувачката дејност и нивната усогласеност со европските и меѓународните стандарди за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието и Владата на Република Македонија со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност.

Согласно член 43 став 2 точките 13 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24),донесува четиригодишна и годишна програма за работа.

На истата седница беше разгледан и усвоен и предлог-буџетот на Националниот совет за 2025 година.

- На 52. седница на Националниот совет за високо образование и научно - истражувачка дејност, која се одржа на 22 август 2024 година, Националниот совет работеше на предлогот на Националната програма за состојбата со високото образование. Исто така беше номиниран член за Комисијата за изработка на Законот за научно-истражувачка дејност. Претседателот на Националниот совет, проф. д-р Гордана Лажетиќ ги запозна сите присутни на седницата за остварената средба со министерот за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска и темите на кои се разговарало.

  На седницата се разгледуваше Предлог - верзијата за измени и дополнувања на Законот за високото образование, изготвени од страна на Интеруниверзитетската конференција, кои преку Министерството за образование и наука беа проследени до Националниот совет на разгледување и изјаснување. Истата, по глави беше поделена на членовите од Националниот совет на подетално разгледување и давање на мислење.

- На 53. седница на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност одржана на 29 август 2024 година, се работеше на доработка на

Предлог – националната програмата за високо образование во насока на уредување на содржината на програмата како и додавање на еден дел кој ќе даде насока кои се целите на програмата, односно она што треба да се постигне со неа.

На седницата беше разгледан и Полугодишниот извештај за работата на Одборот за акредитација за периодот 01.01-30.06.2024 година и се направи план за организација на јавна расправа за презентирање на Предлог-националната програма за високо образование, пред пошироката јавност.

На истата седница беше разгледан и продискутиран дописот доставен од страна на Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип, до Националниот совет како највисоко тело, но и до сите останати надлежни институции, откако Електротехничкиот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип не бил реакредитиран, од страна на Одборот за акредитација, поради недоволен број на вработени на самиот факултет.

- На 54. седница на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност одржана на 12 септември 2024 година, беше усвоена агенда за јавната расправата која се одржа на 26.09.2024 година, беа определени членови на Националниот совет кои ќе ги презентираат Предлог - националната програма за високо образование и Предлог - националната програма за научно-истражувачка дејност, беше изготвен список на лица кои ќе бидат поканети на јавната расправа.
- 55. седница на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност се одржа на 12септември 2024 година, во форма на јавна расправа и на неа освен членовите на Националниот совет, присуствуваа и министерката за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска, претставници од Интеруниверзитетска конференција, академици од Македонската академија на науките и уметностите, ректори, проректори, претставници од Министерството за образование и наука и студенти. На седницата членови од Националниот совет ги презентираа Предлог-националната програма за високо образование и Предлог-националната програма за научно-истражувачка дејност. Експертската јавност активно зема учество во дискусијата и позитивно ги оцени изготвените документи. По исцрпувањето на дискусијата се даде можност за доставување на забелешки и коментари за подобрување на содржината на двата документи.
- На 56. седница на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, одржана на 17 октомври 2024 година, присутните ги разгледаа измените на Законот за високо образование подготвени од Интеруниверзитетската конференција до член 92 (глава осум), кои преку Министерството за образование и наука беа проследени до Националниот совет на разгледување и изјаснување.

На истата седница беше разгледан и документот со забелешки по предлог-националните програми, кој го достави Националниот координатор за реформи во високото образование.

- На 57. седница на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, одржана на 31 октомври 2024 година, членовите го разгледаа Полугодишниот извештај од Одборот за евалуација за периодот јули 2023 - јануари 2024 година, за кој се дадоа коментари и забелешки.

Националниот совет останува на ставот дека Одборот за евалуација на високото образование потребано е да отпочне со спроведување на надворешни евалуации, односно да си ја врши основната функција за која е именуван.
На истата седница беше разгледан допис, доставен од страна на Министерството за образование и наука, а се однесува на имплементација на Стратегијата за паметна специјализација од декември 2023 година. Согласно дописот, Националниот совет формираше комисија која ќе работи на усогласување на предлог-националните програми со оваа стратегија. Исто така, присутните членови продолжија да работат на разгледувањена измените на Законот за високото образование од Интеруниверзитетската конференција и предлозите на Национлниот совет.
На оваа седница беа разгледани и пристигнати забелешки по предлог-националните програми, од страна на Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово и дел од единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

- 58. седница на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, која се одржа на 7 ноември 2024 година, членовите продолжија со разгледување на забелешките и коментарите од дел од членовите на Националниот совет, по однос на измените на Законот за високото образование од Интеруниверзитетската конференција и предлозите на Национлниот совет.

По однос на следната точка од дневниот ред на седницата се отвори дискусија за Уредбата за финансирање на високото образование и нејзиното изготвување.

Претседателката Лажетиќ на членовите им ја презентираше Самоурпавната спогодба за финансирање на високото образвание и презентацијата изготвена врз основа на документот за финансирање на високото образование во земјава, изготвен од страна на експерт ангажиран од страна на Светска банка.

- 59. седница на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, се одржа на 28 ноември 2024 година, Националниот совет го разгледа Полугодишниот извештај за работата на Одборот за евалуација за периодот од 01.04.2024 - 30.06.2024 година, по однос на кој се констатираше дека извештајот не е комплетен, бидејќи се однесува само на два месеци од работењето на Одборот за евалуација, односно се однесува само за периодот од кога е формиран новиот состав на Одборот.

Националниот совет на оваа седница отпочна со работа на новата Предлог – уредба за финансирање на високото образование, беше направена кратка елаборација и споредба на Уредбите за финансирање на Србија и Црна Гора, а потоа детално беше презентирана Уредбата за финансирање на Хрватска.

- На 60. седница на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, одржана на 12 декември 2024 година, од страна н членовите на Комисијта а изработка на Предлог – уредбата за финансирање на високото образование беа презентирани начинот и предлозите за тоа што треба да содржи овој документ.

На оваа седница беше формирана Комисија за за ажурирање на Нацрт - план за проценка на ризици и мерки за спречување на корупција за 2025 година и беа дадени насоки за изготвување на полугодишниот извештај за работата на Националниот совет за периодот јули – декември 2024 година.

- 61. седница на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, се одржа на 26 декември 2024 година, на истата беше формирана Комисија за вршење на годишен попис на средствата и изворите на средства со состојба 31.12.2024 година.

На оваа седница беше испрезентирана финанлната верзија на Предлог - националната програма за високо образование, со усвоени дел од коментарите и забелешките доставени до Комисијата за изработка на овој документ, од страна на академската и експертската јавност.
Исто така, беше поставена и основата на текстот на Предлог – уредбата за финансирање на високото образование.

II.I.I Работни тела и комисии формирани од страна на Националниот совет

| |
|---|
| Комисија за изработка на едногодишна и четиригодишна програма за работа на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност |
| Етички одбор |
| Пописна комисија |
| Комисија за изработка на годишен план за процена на ризици и мерки за спречување на корупција за 2024 година |
| Комисија за изготвување на Предлог - програмите за високо образование и научно – истражувачка дејност (февруари 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - програмите за високо образование и научно – истражувачка дејност (јуни 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - програмите за високо образование и научно – истражувачка дејност (јули 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - уредбите за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност (февруари 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - уредбите за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност (јуни 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - уредбите за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност (јули 2024 г.) |
| Работна група за Подготовка на информација за состојбите во високото образование и научно истражувачката дејност (март 2024 г.) |
| Работна група за Подготовка на информација за состојбите во високото образование и научно истражувачката дејност (април 2024 г.) |
| Работна група за Подготовка на информација за состојбите во високото образование и научно истражувачката дејност (мај 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - програмите за високо образование и научно – истражувачка дејност (август 2024 г.) |

| |
|---|
| Комисија за изготвување на Предлог - уредбите за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност (август 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - програмите за високо образование и научно – истражувачка дејност (септември 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - уредбите за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност (септември 2024 г.) |
| Работна група за Подготовка на информација за состојбите во високото образование и научно истражувачката дејност (август 2024 г.) |
| Работна група за Подготовка на информација за состојбите во високото образование и научно истражувачката дејност (септември 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - програмите за високо образование и научно – истражувачка дејност (октомври 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - уредбите за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност (октомври 2024 г.) |
| Работна група за Подготовка на информација за состојбите во високото образование и научно истражувачката дејност (октомври 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - програмите за високо образование и научно – истражувачка дејност (ноември 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - уредбите за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност (ноември 2024 г.) |
| Работна група за Подготовка на информација за состојбите во високото образование и научно истражувачката дејност (ноември 2024 г.) |
| Комисија за Имплементација на Стратегијата за паметна специјализација (ноември 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - програмите за високо образование и научно – истражувачка дејност (декември 2024 г.) |
| Комисија за изготвување на Предлог - уредбите за финансирање на високото образование и научно-истражувачката дејност (декември 2024 г.) |
| Работна група за Подготовка на информација за состојбите во високото образование и научно истражувачката дејност (декември 2024 г.) |
| Комисија за Имплементација на Стратегијата за паметна специјализација (декември 2024 г.) |

II.II Планирани активности за периодот јануари 2024 - јуни 2024:

Во периодот јануари 2025 - јуни 2025 година, во рамки на своите надлежности, Националниот совет има предвидено да продолжи со веќе започнатите активности, поврзани со предлагање и/или донесување:

- Предлог - уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование
- Предлог - национална програма за високото образование

- Предлог - уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно - истражувачката дејност
- Предлог - национална програма за научно -истражувачка дејност
- Извештај за развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност
- Извештај за развојот на научно - истражувачката дејност и нејзината усогласеност со европските и меѓународните трендови, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката дејност
- Предлог членови на матична комисија за основање на самостојна високообразовна установа (по потреба)
- Предлог приоритетни области и програми за научноистражување и технолошки развој
- Предлози и мислења за иницијативи во врска со програмите и проектите за меѓународна соработка
- Други работи согласно закон
- Предлози, разгледување и давање препораки за законски и подзаконски акти поврзани со надлежностите на Националниот совет
- Размена на искуства со слични тела во другите држави
- Вклучување на странска стручна експертиза за одделни активности на Националниот совет

**Напомена:** Седниците на Националниот совет се јавни. Членовите на Националниот совет што зборуваат друг службен јазик, освен македонскиот, имаат можност да го користат тој јазик.Сите документи кои ги изготвува Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност ги објавува на страната на веб страна на Националниот совет.Стручните, административните и помошно-техничките работи за потребите на Националниот совет ги врши Министерството за образование и наука.